ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKË RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 02-467/2
06.02 2026 г.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

www.uip.gov.mk

# ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА

Жиро сметки:
300000001198471 – Комерцијална банка АД Скопје
210045289640156 – Тутунска Банка АД Скопје
270045289640163 – Халкбанка АД Скопје
Даночен број : МК 4030992242532

Адреса:
ул. Коле Неделковски бр. 38
Телефон:
+389 2 3162 317
Е - маил:
info@uip.gov.mk

ISO 9001:2015 ISO 14001:2015

Врз основа на член 27 став 3 од Законот за јавните претпријатија, Надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП Улици и Патишта - Скопје,Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на својата втора седница,одржана на ден 6 февруари 2026 година, го даде следното

## М И С Л Е Њ Е

По разгледувањето на Тримесечниот извештај за работењето на ЈП Улици и патишта Скопје,со показатели за финансиското работење за период од Октомври до Декември 2025 година,изготвен од страна на стручните служби на претпријатието,како и дискусијата по однос на оваа точка од дневниот ред, Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП Улици и Патишта – Скопје, едногласно даде **позитивно мислење** за истиот.

Исто така, Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП Улици и Патишта – Скопје предлага до Управниот одбор на ЈП Улици и Патишта – Скопје да донесе одлука за усвојување на Тримесечниот извештај од работењето на ЈП Улици и патишта Скопје за период со показатели за финансиското работење за период од Октомври до Декември 2025 година.

Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење
в.д.Претседател
Дејан Митровски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА RRUGË DHE RRUGICA SKOPJE-SHKUP NDËRMARRJE PUBLIKE

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKË RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 02-472/2
06.02.26 20 viti
СКОПЈЕ-SHKUP

www.uip.gov.mk

ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА

Жиро сметки:
300000001198471 – Комерцијална банка АД Скопје
210045289640156 – Тутунска Банка АД Скопје
270045289640163 – Халкбанка АД Скопје
Даночен број : МК 4030992242532

Адреса:
ул. Коле Неделковски бр. 38
Телефон:
+389 2 3162 317
Е - маил:
info@uip.gov.mk

Врз основа на член 19 став 1 точка 4 од Законот за јавни претпријатија а во врска со член 27 став 1 точка 5 од Статутот на ЈП Улици и патишта-Скопје и Мислењето на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење бр.02-467/2 од 06.02.2026 година, Управниот одбор на третата седница, одржана на 6 февруари 2026 година, ја донесе следната,

# О Д Л У К А

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ**
**ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА-Скопје,СО ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ**
**ЗА ПЕРИОД ОД 10 до 12 месец 2025 година**

**I**

Се усвојува Извештајот од работењето на ЈП Улици и патишта-Скопје, со финансиски показатели за период од 10 до 12 месец 2025 година.

**II**

За реализација на оваа Одлука ќе се погрижи секторот за Финансиско работење кој се задолжува Извештајот, согласно Статутот и Законот за јавни претпријатија да го достави до надлежните сектори во Град Скопје на разгледување.

**III**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Скопје,
6 февруари 2026 година

**УПРАВЕН ОДБОР**
**в.д.Претседател**
**Милан Андоновски**

...ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDERMARRJES PUBLIKE RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 05-473/1
06 02 20 26 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## од работењето на ЈП Улици и патишта Скопје со показатели за финансиското работење за период од октомври до декември 2025 година

**Скопје, февруари 2026 г**

***В О В Е Д***

Јавното претпријатие Улици и патишта има својство на правно лице и во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка и за обврските одговара со целиот имот со кој располага.

Седиштето на Јавното претпријатие е во Скопје на ул.Коле Неделковски број 38.

## 1. ***ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ***

### ***1.1. Дејност***

Дејностите на Јавното претпријатие Улици и патишта Скопје согласно регистрацијата во Централен регистер и Статутот на Претпријатието се:

**42.11 Изградба на патишта и автопати**

Заради извршување на својата приоритетна дејност Претпријатието ги врши следните активности:

- Изградба, реконструкција и одржување на автопати, улици, патишта и други велосипедски и пешачки патеки;
- Изградба на коловозна конструкција на улици, патишта, надвозници и др.;
- Изработка на тротоари;
- Обележување на патишта и други ознаки ;
- Поставување на заштитни огради,сообраќајни знаци и сл.;
- Изградба на аеродромски писти;
- Одржување на сообраќајна сигнализација;
- Одржување на улици и сообраќајници во зимски услови;

Во рамките на предметот на работењето Претпријатието ќе ги врши и следните дејности:

- 08.12 Вадење на чакал и песок;
- 08.99 Останато рударство и вадење на камен неспомнато на друго место;
- 23.61 Производство на производи од бетон за градежни цели;
- 42.91 Изградба на хидроградежни објекти;
- 42.99 Изградба на други објекти од нискоградба неспомнати на друго место
- 43.11 Уривање;
- 43.12 Подготвителни работи на градилиште;
- 43.29 Други градежно – инсталатерски работи;
- 45.20 Одржување и поправка на моторни возила;
- 71.12 Инженерство и со него поврзано техничко советување;
- 96.03 Погребни и слични дејности.

### ***1.2. Организација***

Организационата поставеност на Јавното претпријатие "Улици и патишта" - Скопје е уредена со посебен акт Правилник за внатрешна организација на ЈП Улици и патишта Скопје,

според кој Претпријатието го сочинуваат следните организациони единици (во форма на Сектори и Одделенија):

- Самостојно одделение за внатрешна ревизија
- Самостојно одделение за јавни набавки
- Сектор Одржување и изградба на сообраќајници
- Сектор Сообраќај
- Сектор Механизација
- Сектор Техничка подготовка и развој
- Сектор Финансиско работење
- Сектор Општи, правни работи и човечки ресурси

Секој Сектор се дели на соодветен број одделенија кои дејствуваат како единствена целина во рамките на Претпријатието и немаат својство на правни лица.

Со организационите единици (сектори) раководат раководители кои ги поставува директорот на Јавното Претпријатие.

На 31.12.2025 година во Претпријатието се вработени 229 работници.

### *1.3.Финансиско работење*

Целокупното материјално и финансиско работење Јавното претпријатие "Улици и патишта" - Скопје го извршува преку 9 (девет) сметки отворени во деловните банки и тоа 6 (шест) денарски сметки и 3 (три) девизни сметки:

| | | |
|---|---|---|
| 500000001408079 | Стопанска банка АД Битола | Денарска сметка |
| 270045289640163 | ХАЛКБАНК АД Скопје | Денарска сметка |
| 270045289640260 | ХАЛКБАНК АД Скопје | Денарска сметка - наменска |
| 300000005179351 | Комерцијална банка АД Скопје | Денарска сметка |
| 300000005179448 | Комецијална банка АД Скопје | Денарска сметка - наменска |
| 200004200862218 | Стопанска банка АД Скопје | Денарска сметка |
| MK07270703000001011 | ХАЛКБАНК АД Скопје | Девизна сметка |
| MK07500703000000860 | Стопанска банка АД Битола | Девизна сметка |
| MK07300701004173683 | Комерцијална банка АД Скопје | Девизна сметка |

Во периодот од 01.10 – 31.12.2025 г до 15.11.2025 г овластен потписник на финансиските документи е законскиот застапник ВД Директорот **Ивана Трајкоска,** а од 17.11.2025 г е законскиот застапник ВД Директор **Борис Настов.**

### *1.4.Органи на управување*

Органи на управување на Јавното претпријатие "Улици и патишта" - Скопје согласно Статутот донесен на седницата одржана на 03.06.2011 година се:

- Управен одбор
- Надзорен орган за контрола на материјално – финансиското работење и

- Директор.

### *1.5.Програми за работа*

Целокупното работење на ЈП „Улици и патишта“ Скопје се одвива во согласност со **Програмите за работењето за 2025 г**. за кои согласност дава Советот на Град Скопје и тоа:

- Програма за одржување и реконструкција на сообраќајници во надлежност на Град Скопје, пешачки и велосипедски патеки и јавни рекреативни површини на подрачјето на Град Скопје во 2025 година ;
- Програма за одржување, проектирање и изведба на светлосна, хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација и сообраќајно - техничка опрема на подрачјето на Град Скопје во 2025 година ;
- Програма за одржување на магистрални и собирни улици на подрачјето на Град Скопје во зимски услови за 2025/2026 година (Зимска Служба);
- Програма за одржување на коритото на реката Вардар, нејзините притоки, отворените канали и расчистување на дивите депонии на подрачјето на Град Скопје за 2025 година ;

### *1.6.Закони,уредби и правилници* **врз основа на кои се одвива целокупното работење на ЈП**

- Закон за јавни претпријатија
- Закон за трговски друштва
- Закон за данокот на додадена вредност
- Закон за данок на добивка
- Закон за персонален данок на доход
- Закон за исплата на плати во Република Македонија
- Закон за јавни набавки
- Закон за работни односи
- МСС
- Закон за комунални дејности
- Закон за градба
- Уредба за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отпис на вредноста на нематеријалните и материјалните средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните аморизациони ставки
- Правилник за сметковниот план и содржината на одделните сметки во сметковниот план
- Правилник за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот и други.

## 2. ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД 01.01-31.12.2025 ГОДИНА

Во периодот 01.01.-31.12.2025 година ЈП Улици и патишта Скопје ги оствари следниве финансиски резултати:

***Табела 1***

| Финансиски показатели | 01.01.-31.12.2025 | 01.01.-31.12.2024 |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | 217.741.144,00 | 243.300.542,00 |
| **Вкупни расходи** | 298.541.358,00 | 294.412.248,00 |
| **Добивка/Загуба** | **-80.800.214,00** | **-51.111.706,00** |

**Вкупните остварени приходи** во периодот 01.01.-31.12.2025 година изнесуваат **217.741.144,00 денари** и се помали за **25.559.398,00** денари (намалени се за 10,50%) од вкупните приходи остварени во период 01.01.-31.12.2024 година кога изнесувале **243.300.542,00 денари.**

**Вкупните остварени расходи** во периодот 01.01.-31.12.2025 изнесуваат **298.541.358,00 денари** се поголеми за 4.129.110,00 (зголемени се за 1,41 %) од вкупните расходи остварени во 01.01.-31.12.2024 година кога изнесувале **294.412.248,00 денари.**

Во периодот 01.01.-31.12.2025 година остварена е **загуба** во износ од **80.800.214,00** ден. ,а во истиот период во 2024 година остварена е **загуба** во износ од **51.111.706,00** денари.

Подетална анализа на работењето на ЈП Улици и патишта Скопје со показатели за финансиското работење за период од октомври до декември 2025 година следува подолу во текстот.

## 3. ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД ОД ОКТОМВРИ ДО ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА

| Финансиски показатели | Октомври -декември 2025 | Октомври -декември 2024 |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | 41.911.187,00 | 81.246.144,00 |
| **Вкупни расходи** | 80.728.480,00 | 53.165.766,00 |
| **Добивка/Загуба** | **-38.817.293,00** | **28.080.378,00** |

### 2.1. <u>ВКУПНИ ПРИХОДИ</u>

Вкупните приходи остварени за периодот од октомври до декември 2025 година изнесуваат **41.911.187,00** денари и се помали за **39.334.957,00** ден од приходите остварени за истиот период 2024 г. кога изнесувале **81.246.144,00** ден.

Реализираните приходи по разни основи за периодот од октомври до декември 2025/2024 година се прикажани во следната табела преку индексни показатели:

***Табела 2***

| Ред. број | Опис | Октомври -декември 2025 | Октомври -декември 2024 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Град Скопје | 33.565.746,00 | 74.054.990,00 | 0,46 |
| 2. | Други инвеститори | 120.242,00 | 4.145.442,00 | 0,03 |
| 3. | Останати приходи | 8.225.199,00 | 3.045.712,00 | 2,70 |
| | Вкупно: | **41.911.187,00** | **81.246.144,00** | **0,52** |

Учеството на поедини видови на приходи во вкупните приходи за подобра визуелна презентација на податоците е прикажано во следниот графикон:

***Графикон 1***




Вкупните приходи кои се реализирани во периодот од октомври до декември 2025 година година се составени од приходи по налог на Град Скопје (80,08 %), приходи по налог на Други инвеститори (0,3 %) и останати приходи (19,62 %).

**<u>3.1.1.Приходи од редовно работење</u>**

Приходите од редовно работење во износ од **33.685.988,00** денари во период од октомври до декември 2025 година сочинуваат **80,37 %** од вкупните приходи за тој период кои изнесуваат **41.911.187,00 ден**. Приходите од редовно работење во период од октомври до декември 2025 година се составени од Приходи од редовно работење по налог на Град Скопје и Приходи од редовно работење по налог на Други инвеститори. Од нив **33.565.746,00 денари** се остварени од работењето по налог на Град Скопје и тоа претставува **99,64 %** од редовните приходи, а по налог

на Други инвеститори остварени се приходи од редовно работење во износ од **120.242,00 денари (0,36 %).**

**Приходи од продажба на услуги на Град Скопје за период од октомври до декември 2025 година**

Структурата на приходите остварени од работењето по налог на Град Скопје во анализираниот период се прикажана во табелата која следи:

***Табела 3***

| Ред. бр. | Приходи (Град Скопје) | Октомври до декември 2025 година | Октомври до декември 2024 година | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Приходи од продажба на услуги врз основа на програмата за одржување на коритото на река Вардар, нејзините притоки, отворени канали и расчистување на диви депонии | 1.597.248,00 | 1.938.976,00 | 0,83 |
| 2. | Приходи од продажба на услуги врз основа на програмата за одржување и изведба на светлосна сообраќајна сигнализација | 3.801.938,00 | 3.837.665,00 | 0,99 |
| 3. | Приходи од продажба на услуги врз основа на програмата за одржување и изведба на хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација | 6.313.885,00 | 1.906.729,00 | 3,31 |
| 4. | Приходи од продажба на услуги врз основа на програмата за одржување и реконструкција на сообраќајници во надлежност на Град Скопје, пешачки и велосипедски патеки и јавни рекреативни површини на подрачјето на Град Скопје | 9.577.475,00 | 57.506.020,00 | 0,17 |
| 5. | Приходи од изработка на проектна документација | 280.000,00 | 1.440.000,00 | 0,20 |
| 6. | Приходи од продажба на услуги брз основа на програмата за одржување на магистрални и собирни улици на подрачјето на град Скопје во зимски услови за 2025/2026 | 11.995.200,00 | 7.425.600,00 | 1,62 |
| | **Вкупно:** | **33.565.746,00** | **74.054.990,00** | **0,46** |

Во следниот графикон ќе биде прикажано процентуалното учество на приходите по дејности по налог на Град Скопје во вкупните реализирани приходи по налог на Град Скопје за период од октомври до декември 2025 година.

***Графикон 2***




Најголемо учество во вкупните приходи по налог на Град Скопје имаат приходите по основ на Зимско одржување на сообраќајници, пешачки и велосипедски патеки и сл. (35,74%), а најмало учество во вкупните приходи по налог на Град Скопје имаат приходите имаат приходите по основ на Изработка на проектна документација (0,83 %).

**3.1.2.Приходи од продажба на услуги на Други инвеститори**

Приходите од продажба на услуги кои се реализирани во период од октомври до декември 2025 година по налог на други инвеститори изнесуваат **120.242,00 денари**. Во периодот од октомври до декември 2024 година овие приходи изнесуваат **4.145.442,00** денари и се остварени врз основа на асфалтирање на улици и пристапни патишта. Приходите од продажба на услуги во период од октомври до декември во 2025 година по налог на други инвеститори се помали за **4.025.200,00** денари во однос на Приходите од продажба на услуги во период од октомври до декември во 2024 година.

**3.1.3.Останати приходи**

Останати приходи се група на приходи кои во период од октомври до декември 2025 година изнесувале **8.225.199,00 ден.** Останатите приходи за анализираниот период ќе бидат прикажани во следната табела:

***Табела 4***

| Ред. број | ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | Октомври-декември 2025 година | Октомври-декември 2024 година | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Приходи од претходно одложени приходи | 8.193.880,00 | 3.045.456,00 | 2,69 |
| 2. | Приходи од камата на утужени побарувања | 13.787,00 | | |
| 3. | Приходи од административни такси | | | |
| 4. | Приходи наплатени камати на утужени побарувања | | | |
| 5. | Останати приходи | 17.532,00 | 256,00 | 68,48 |
| | **Вкупно:** | **8.225.199,00** | **3.045.712,00** | **2,70** |

Најголемо учество во вкупните реализирани останати приходи имаат Останатите приходи од претходно одложени приходи (99,62%), а најмало имаат приходите од камати на утужени побарувања (0,17%).

## 3.2. ВКУПНИ РАСХОДИ

Расходите за периодот од октомври до декември во 2025 година изнесуваат **80.728.480,00** денари и се поголеми за **27.562.714,00** истиот период во 2024 година изнесувале **53.165.766,00** денари и се прикажани во следната табела:

***Табела 5***

| Конто | РАСХОДИ | Октомври - декември 2025 | Октомври - декември 2024 |
|---|---|---|---|
| 400 | Потрошени материјали -производство | 10.235.014,00 | 4.430.249,00 |
| 401 | Потрошени материјали-администрација | 158.832,00 | 9.749,00 |
| 402 | Потрошена енергија - производство | 1.122.148,00 | 625.846,00 |
| 403 | Потрошена енергија - администрација | 1.214.176,00 | 460.435,00 |
| 404 | Потрошени резервни делови - производство | 165.272,00 | 229.479,00 |
| 405 | Потрошени резервни делови – администрација | | |
| 407 | Трош.за сит.инв.автогуми - производство | 298.919,00 | 192.586,00 |
| 408 | Трошоци за ситен инвентар -администрација | | |
| 410 | Транспорни услуги | | |
| 411 | Поштенски и телекомуникациски услуги | 412.429,00 | 502.141,00 |
| 413 | Услуги за одржување и заштита | 284.655,00 | 70.530,00 |
| 414 | Наемнини | 705.580,00 | 275.525,00 |
| 415 | Комунални услуги | 129.878,00 | 36.556,00 |
| 419 | Останати услуги | 9.607.871,00 | 174.003,00 |
| 420 | Вкалкулирани плати - производство | 44.695.596,00 | 40.430.599,00 |
| 421 | Вкалкулирани плати - администрација | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 422 | Други надоместоци за вработени | 3.556.194,00 | 147.402,00 |
| 430 | Амортизација | 2.938.855,00 | |
| 432 | Амортизација на нематеријални средства | 522.772,00 | |
| 440 | Дневници за службен пат во странство | | |
| 441 | Надомест на трошоци за вработени | 113.500,00 | 1.695,00 |
| 442 | Трошоци за УО и НО | 360.003,00 | 395.559,00 |
| 444 | Репрезентација | 963,00 | 26.589,00 |
| 445 | Трошоци за осигурување | 139.346,00 | 193.576,00 |
| 446 | Банкарски услуги | 5.670,00 | 27.470,00 |
| 447 | Даноци, придонеси, членарини | 7.853,00 | 457.447,00 |
| 448 | Останати трошоци за користење на права | | |
| 449 | Останати трошоци | 3.984.490,00 | 4.446.751,00 |
| 455 | Вредносно усогласување на краткорочни побарувања | | |
| 467 | Расходи за дополнително одобрени попусти и сл. | | |
| 468 | Казни, пенали, надомести на штета | | |
| 469 | Трошоци од минати години | 41.059,00 | |
| 475 | Расходи од негативни курсни разлики | 329,00 | |
| 479 | Останати финансиски расходи | 27.076,00 | 31.579,00 |
| | **Вкупно:** | **80.728.480,00** | **53.165.766,00** |

**4.ЗАВРШЕН ДЕЛ**

Од изнесените податоци погоре во Извештајот за период од октомври до декември 2025 година можат да се извлечат следниве заклучоци:

**1. Вкупните остварени приходи** во периодот 01.01.-31.12.2025 година изнесуваат **217.741.144,00 ден** и се помали за **25.559.398,00** ден (намалени се за 10,50 %) од вкупните приходи остварени во период 01.01.-31.12.2024 година кога изнесувале **243.300.542,00 ден.**

**2. Вкупните остварени расходи** во периодот 01.01.-31.12.2025 изнесуваат **298.541.358,00 ден** се поголеми за 4.129.110,00 (зголемени се за 1,40 %) од вкупните расходи остварени во 01.01.-31.12.2024 година кога изнесувале **294.412.248,00 ден.**

**3**. Во периодот 01.01.-31.12.2025 година остварена е **загуба** во износ од **80.800.214,00** ден. додека во истиот период во 2024 година остварена е **загуба** во износ од **51.111.706,00** денари.

4. **Вкупните приходи** остварени за периодот од октомври до декември 2025 година изнесуваат **41.911.187,00 ден** и се помали за **39.334.957,00 ден** од приходите остварени за истиот период 2024 г. кога изнесувале **81.246.144,00 ден.**

5. Расходите за периодот од октомври до декември во 2025 година изнесуваат **80.728.480,00** ден и се поголеми за **27.562.714,00** истиот период во 2024 година изнесувале **53.165.766,00 ден**

**6.** Во периодот 01.10.-31.12.2025 година остварена е **загуба** во износ од **38.817.293,00** ден, а во истиот период во 2024 година остварена е **добивка** во износ од **28.080.378,00** денари.

Потребно е да се има во предвид фактот дека податоците наведени погоре се прикажани во износите во моментот на изготвување на Извештајот пред крајните годишни книжења и извршениот попис.

**Изготвил:**
Виолета Стаменовска
***Раководител на Сектор за Финансиско работење***

***ВД Директор***
**Борис Настов**